FORUM ZA PRAVATA NA ROMITE
ROMA RIGHTS FORUM
ARKA

Center for Democratic Development

КОАЛИЦИЈА
СИТЕ ЗА ПРАВИЧНО СУДЕЊЕ
TË GJITHË PËR GJYKIME TË DREJTA
SARINE BAŠO NJAMALO KRISI

ИЗБОР

Center for Civic Initiative

Центар за граѓанска иницијатива

# ПРОЕКТ ЗА ПОДДРШКА НА ЧОВЕКОВИТЕ ПРАВА



## ИЗВЕШТАЈ ЗА ПЕРИОДОТ 2004/2005

**ПРОЕКТ ЗА ПОДРШКА НА ЧОВЕКОВИТЕ ПРАВА**

**ИЗВЕШТАЈ ЗА ПЕРИОДОТ**
**2004 - 2005**


**Автор:** Петар Јорданоски

**Издавач:** Коалиција “Сите за правично судење” - Скопје
Форум за правата на Ромите АРКА - Куманово
Центар за демократски развој - Тетово
ИЗБОР - Струмица
Центар за граѓанска иницијатива - Прилеп

**Уредник:** Петар Јорданоски

**Техничко уредување и печат:** РИ-Графика - Скопје
тел./факс: (02) 2451-527
e-mail: rigrafika@mt.net.mk

**Корица:** **PROMO**DSGN

**Лектура:** Билјана Чагаровска

Поддржано од

Organization for Security and Co-operation in Europe
**Spillover Monitor**
**Mission to Skopje**


---


Содржината на ова издание не секогаш ги одразува погледите или ставовите
на Набљудувачката Мисија на ОБСЕ во Скопје.

# Содржина


***Резиме*** **7**

***Вовед*** **9**

***Имплементирање на Проектот во 2005 година*** **10**

**1.** ***Локални координативни состаноци - Форма на соработка меѓу ППЧП и државните органи*** **11**

**2.** ***Евидентирани случаи на полициска злоупотреба во рамките на ППЧП*** **13**

**3.** ***Етничка, старосна и полова структура на наводните жртви*** **17**

**4.** ***Вид на овластени службени лица инволвирани во регистрираните случаи при ППЧП*** **19**

**5.** ***Поднесување на претставки до СВКПС при МВР*** **23**

5.1. Вовед 23
5.2. Поднесување на претставки до СВКПС 23
5.3. Статус на поднесените претставки до СВКПС од НВО кои го имплементираат ППЧП 25
5.4. Барања за известување до СВКПС 26
5.5. Претставки на кои СВКПС сè уште нема одговорено 26
5.6. Исход од претставките поднесени до СВКПС 27
- Законска рамка 27
- Исход од претставките на случаите во рамките на ППЧП 28
5.7. Како се казнуваат ОСЛ на МВР кои ги кршат човековите права 31

**6.** ***Поднесување на претставки до народниот правобранител*** **35**

6.1. Надлежност на народниот правобранител 35
6.2. Поднесување на преставка до народниот правобранител 35
6.3. Статус на поднесените претставки до народниот правобранител 36

**7. *Разврска на ППЧП-случаите од покренување на кривична пријава до покренување на обвинителен акт*** **39**

7.1. Законска рамка 39
7.2. Исход од кривичните пријави поднесени до јавно обвинителство 40

**8. *Постојана анкетна комисија за заштита на човековите права и основни слободи*** **43**

**9. *Граѓански постапки за надомест на штета*** **45**

**10. *Лекарските уверенија и останати докази во случаи на наводна полициска злоупотреба*** ***47***

**11. *Заклучоци на Завршниот извештај*** **48**

**12. *Предмет на загриженост*** ***51***

**13. *Препораки на Завршниот извештај*** **53**

# *Список на најчесто употребувани кратенки*

| | |
|---|---|
| АРКА | Форум за заштита на правата на Ромите |
| Коалиција | Коалиција “Сите за правично судење” |
| ЦГИ | Центар за граѓанска иницијатива |
| ЦДР | Центар за демократски развој |
| ОБСЕ НМС | Организација за безбедност и соработка во Европа, Набљудувачка мисија во Скопје |
| ППЧП | Проект за поддршка на човековите права |
| МВР | Министерство за внатрешни работи |
| СВКПС | Сектор за внатрешна контрола и професионални стандарди |
| ОЈО | Основно јавно обвинителство |
| НП | Народен правобранител |
| ПК | Проект-координатор |
| ПО | Проект-офицер |
| ЕКЧП | Европска конвенција за човекови права |
| НВО | Невладина организација |
| ОСЛ | Овластено службено лице |
| ЗКП | Закон за кривична постапка |
| КЗ | Кривичен законик |

# *Резиме*


Проектот за подршка на човековите права (ППЧП), претставува иницијатива на граѓанското општество, која се усредоточува на појавата на *неправилно однесување или злоупотреба од страна на полицијата.* Цел на проектот, е да обрне внимание на употребата на незаконска физичка и ментална сила, од страна на овластените службени лица од Министерството за внатрешни работи, во текот на вршењето на нивните службени задачи и да помогне во развојот на ефективен механизам, за заштита на човековите права на наводните жртви.

ППЧП е финансиски поддржан од страна на Набљудувачката мисија на ОБСЕ во Скопје, а проектот го реализираат 5 невладини организации и тој ја покрива целокупната територија на Република Македонија.

Како резултат на проектните активности, спроведени во периодот меѓу 2004 и 2005 година, беше изготвен овој Извештај, користејќи ги податоците и заклучоците во врска со регистрираните случаи на неправилно полициско однесување или злоупотреба, од страна на полицијата. Извештајот нуди една сеопфатна слика за нивото на почитување на човековите права, од страна на Министерството за внатрешни работи, како и за превентивните мерки, кои ги преземаат овластените институции.

Посебно внимание во Извештајот, е посветено на законските механизми за заштита на жртвите на полициска злоупотреба, а особено на Секторот за внатрешна контрола и професионални стандарди (СВКПС), односно, внатрешното контролно тело во рамките на Министерството за внатрешни работи. Резултатите покажуваат дека работата на СВКПС, во голем број случаи се пролонгира и е неефикасна: иако СВКПС има одговорено на поднесените претставки во 66% од случаите во рамки на ППЧП, речиси во сите случаи – во над 97% од нив – одговорот бил добиен по истекот на рокот од 30 дена, предвиден во Правилникот за вршење на работите на СВКПС.

Дополнително, во над 78% од случаите, СВКПС утврдил дека осомничените овластени службени лица од полицијата не ги пречекориле своите овластувања, за што биле обвинети. Од вкупниот број од 10 случаи, во кои СВКПС утврдил одговорност на осомниченото овластено службено лице, само во 3 од нив, спроведени се интерни дисциплински постапки и мерки – одбивање на 15% од платата за еден кус временски период – а само во еден случај е поднесена кривична пријава (иако конкретното овластено службено лице, во моментов, кривично се гони поради обвинение за мачење).

Невладините организации вклучени во ППЧП, ја анализираа и работата на канцеларијата на Народниот правобранител и препорачаа, максимално искористување на сите алатки и средства кои ги нуди законот, вклучувајќи ја и употребата на медиумите во исклучителни случаи. Сепак, беше потврдено и дека отворањето на шест нови регионални канцеларии на Народниот правобранител, доведе до значајно подобрување на пристапот на наводните жртви на полициска злоупотреба до елементарното тело, основано и задолжено за бранење на нивните права.

Извештајот содржи одреден број препораки, со цел да се подобри заштитата на човековите права на луѓето, во нивните контакти со овластените службени лица од МВР. Невладините организации вклучени во ППЧП, утврдија дека внатрешните механизми за контрола на овластените службени лица од МВР, во моментов, не се транспарентни, навремени и сеопфатни, ниту пак објективни.

И покрај фактот, што во извештајот се даваат препораки за одреден број мерки, за подобрување на работењето на СВКПС, мислењето на НВО во рамки на ППЧП, е дека македонската Влада треба сериозно да ја разгледа можноста, за основање на едно независно, надворешно тело, кое би постапувало по примените претставки. Работата на таквото тело, би била целосно усогласена со стандардите содржани во *Европската конвенција за човекови права*.

# *Вовед*

Во јануари 2004 год. три невладини организации активни во областа на заштитата на човековите права и основни слободи, започнаа со имплементирање на Проектот за поддршка на човековите права (понатаму именуван како ППЧП). Основна цел беше да им се обезбеди бесплатно правно советување и помош на наводните жртви на неправилно однесување на полицијата, кои бараат помош во поднесувањето на официјални жалби преку различни расположливи административни и правни механизми. Првично, Проектот беше имплементиран во регионите на Тетово, Скопје и Куманово, како одговор на зголемениот број на случаи на кршења на човековите права во кризните региони од страна на полицијата. Набљудувањата на националните НВО и меѓународните организации што ги следат жалбите на граѓаните за повреди на човековите права во изминатите неколку години укажаа на потребата од воспоставување на ваков проект. Истите имаат забележано дека жртвите честопати ги сметаат жалбените постапки како сложени, заплашувачки, бавни, фрустрирачки, скапи и, понекогаш, како неуспешни. Проектот е финансиран и поддржан од Набљудувачката мисија на ОБСЕ во Скопје (понатаму именуван како ОБСЕ НМС).

Регионот на Тетово беше покриен од страна на Центарот за демократски развој (ЦДР), Информативниот центар за граѓанско општество (ИЦГО) го покриваше регионот на Скопје, а Форумот за правата на Ромите АРКА кумановскиот регион. Покрај наведените региони, овие три невладини организации регистрираа случаи на неправилно однесување од страна на полицијата и во Крива Паланка, Штип, Пробиштип и Струга. Во Проектот беа вклучени шест проект-офицери, по двајца во секоја од горенаведените НВО. Проект-фицерите ги следеа случаите на наводна полициска злоупотреба кои ги регистрираа за време на имплементирањето на Проектот, како и случаите кои се препраќаа од страна на ОБСЕ, како и од мисијата на ПРОКСИМА.

Во рамките на бесплатното правно советување правните офицери вклучени во Проектот ги преземаа следниве активности:

- Интервјуирање и документирање на наводите;
- Фотографирање на повреди и други докази;
- Помагање на повредените лица да набават соодветна документација за повредите;
- Собирање на дополнителна придружна документација;
- Пренесување на информации за случајот до меѓународните организации;
- Давање совети за правните лекови кои им стојат на располагање на наводните жртви, вклучувајќи поднесување на претставки до Секторот на МВР за внатрешна контрола и професионални стандарди, канцелариите на народниот правобранител, јавните обвинителства, како и приватни тужби;

- Помагање на наводните жртви во изготвување писма, жалби и поднесоци до горенаведените институции;
- Придружување и/или застапување на наводни жртви на состаноци со соработници од државните институции и
- Обезбедување на средства за социјално загрозените лица, за покривање на трошоците за вадење на лекарски уверенија (новина во Проектот воспоставена во 2005 год.)

## Имплементирање на Проектот во 2005 год.

Успешниот од на Проектот продолжи и во 2005 год. со вклучување на две нови НВО: ИЗБОР од Струмица, за регионот на југоисточна Македонија, и Центарот за граѓанска иницијатива (ЦГИ) од Прилеп, за регионот на југозападна Македонија. Во 2005 год. регионот на Скопје го покрива Коалицијата "Сите за правично судење", наместо ИЦГО, која истапи од Проектот. Со тоа, ППЧП целосно ја покрива територијата на Македонија. Продолжувањето на ППЧП во 2005 год. е одбележано со трендот на јакнење на координацијата меѓу невладините организации вклучени во Проектот и преземање на водечката улога која во 2004 год. ја вршеше ОБСЕ. Имено, во 2005 год. се воспоставени два нови органа во рамките на ППЧП со егзекутивни прерогативи: Извршен борд и проект-координатор. Со ова и формално се воспоставува мрежа од пет НВО кои работат на случаи на наводна полициска зпоупотреба. Со воспоставувањето на мрежата од НВО се зголемува моќта на граѓанското општество со цел поефикасно справување со недостатоците во општеството и истото станува посилен и поефикасен промотер на каузата на човековите права.

Во текот на 2005 год. улогата на ОБСЕ беше сведена на *ad hoc* мониторинг на активностите кои се преземаа во рамките на ППЧП: организирање на обуки за јакнење на капацитетите на НВО, за стратешко планирање на мрежата на НВО, како и за зголемување на нивото на знаењето на правните советници во областа на човековите права. Секако, Проектот и во текот на 2005 год. беше финансиски поддржан од мисијата на ОБСЕ.
Еден од најзначајните новитети, а истовремено и големо достигнување на Проектот се редовните координативни состаноци што се организираат од секоја НВО на локално ниво, на месечна основа. Целта на овие состаноци е следење на случаите на наводна полициска злоупотреба, како и подобрување и зајакнување на работнатните односи меѓу организациите што учествуваат во проектот и државните институции.

Извештајот ги опфаќа случаите регистрирани во периодот од 1 јануари 2004 година заклучно со 31 октомври 2005.[1]

Заклучоците и препораките од Извештајот имаат за цел формулирање на предлози за соодветни политички и законодавни реформи засновани врз согледувањата и наоѓањата по Проектот, адресирање на истите до соодветните домашни институции, како и отстранување на слабостите и пропустите во досегашната имплементација на ППЧП заради самоподобрување и натамошен развој на Проектот.

---
1) Извештајот е изработен од страна на проект-координаторот на ППЧП.

# 1 Локални координативни состаноци - форма на соработка меѓу ППЧП и државните органи

Почнувајќи од месец април 2005 год., во просториите на секоја од петте НВО кои го имплементираат ППЧП, се организираат локални координативни состаноци. Учесници на овие состаноци се: инспектори од Секторот за внатрешна контрола и професионални стандарди (СВКПС), претставници на Канцеларијата на народниот правобранител, претставници на јавното обвинителство и локалната самоуправа како и претставници на мисиите на ОБСЕ и ПРОКСИМА во Македонија.

На овие состаноци им предходеа координативните состаноци кои беа организирани од страна на теренските канцеларии на ОБСЕ во Куманово и во Тетово. Во текот на 2004 год. и првите три месеци на 2005 год. се одржани 13 координативни состаноци во теренската канцеларија на ОБСЕ во Куманово и 4 состаноци во теренската канцеларија на ОБСЕ во Тетово. Преку овие состаноци, кои се организираат на месечна основа, се овозможува непосредно и ефективно следење на регистрираните случаи на полициска злоупотреба.

Модератори на локалните координативни состаноци се проект-офицерите на ППЧП, кои воедно истите и ги организираат. Имено, на самите состаноци проект-офицерите ги презентираат новите случаи по што се отвора дискусија со инспекторите од СВКПС и со претставниците на Канцеларијата на народниот правобранител за дејствијата кои се преземени во однос на регистрираните случаи на наводни жртви на неправилно однесување од страна на полицијата во рамките на ППЧП.

Иако беше предвидено овие состаноци да се одржуваат на месечно ниво, од крајот на април 2005 год. да сè до почетокот на ноември 2005 год. оддржани се по три локални координативни состаноци во Куманово, Скопје и во Тетово и по два состанока во Струмица и Прилеп. Причините поради кои бројот на одржани состаноци не е поголем би можело да се групираат во две групи:

- Недоволен број на регистирани случаи во период од ден месец и
- Презафатеноста на претставниците на Секторот на МВР и на Канцеларијата на народниот правобранител.

Од записниците кои проект-координаторот ги добива од одржаните локални координативни состаноци како и од неговото присуство на дел од овие состаноци се добива впечаток дека овие состаноци имаат големо значење во процесот на забрзување на постапките кои се водат по поднесени претставки до СВКПС и Канцеларијата на народниот правобранител. Како пример би можел да биде посочен СВКПС. Имајќи на ум дека бројот на вработени кои се задолжени за постапување

по претставки на граѓаните за неправилно постапување од страна на ОСЛ на МВР останува ист, а бројот на претставки од граѓани повеќекратно е зголемен (1300 во текот на 2004 година), објективно не е во можност да се одговори на поголемиот дел од претставките во законски пропишаниот рок од 30 дена.

Честопати на одговор од СВКПС се чека со месеци. Доколку постапувањето по поднесена претставка од ППЧП-случај се одолговлекува, инспекторите на Секторот би се нашле во доста непријатна ситуација кога на неколку состаноци последователно (состаноците се на месечна основа) би требале да даваат одговор дека не е постапено по определена претставка.

Преку состаноците се подобрува пристапот и довербата на граѓаните во овие државни институции и уште повеќе се зајакнува предходно воспоставената врска меѓу граѓанското општество и државните институции кои примаат жалби за можни повреди на човекови права.
Вреди да се спомене фактот дека на обуките за проект-офицерите на ППЧП учествуваат претставници на СВКПС, на Канцеларијата на народниот правобранител, како и претставници на судската власт и на јавното обвинителство. Досега се одржани две такви обуки - првата во декември 2003 год. и другата во март 2005 во Скопје.

**Заклучоци:**

- Преку локалните координативни состаноци се овозможува непосредно и ефективно следење на регистрираните случаи на полициска злоупотреба;
- Преку локалните координативни состаноци се подобрува пристапот на граѓаните до државните институции и се зајакнува предходно воспоставената врска меѓу граѓанското општество и државните институции кои примаат жалби за можни повреди на човекови права;
- Овие состаноци имаат големо значење во процесот на забрзување на постапките кои се водат по поднесени претставки до СВКПС и Канцеларијата на народниот правобранител.

**Препораки:**

- Редовно одржување на локалните координативни состаноци еднаш месечно во 2006 год. со цел продлабочување и интензивирање на соработката на ППЧП со НВО и државните институции кои примаат жалби за можни повреди на човекови права.

# 2

# *Евидентирани случаи на полициска злоупотреба во рамките на ППЧП*

Уште на почетокот вреди да се напомене фактот дека оваа година целата територија на Република Македонија е покриена со ППЧП. Имајќи на ум дека една од препораките на Прелиминарниот извештај за 2004 год. беше вклучување на НВО активни на полето на заштита на човекови права т.е. проширување на Проектот во регионите каде што постои реална потреба за тоа, може да се констатира дека со вклучувањето на НВО ЦГИ од Прилеп и ИЗБОР од Струмица во ППЧП е отстранет еден од покрупните недостатоците регистрирани во текот на минатата година. Со тоа се постигна покриеност на Македонија од 85 %. Како и да е, на седницата на Извршниот борд на ППЧП на 4 мај 2005 се донесе одлука и преостанатите 15% од Република Македонија кои сè уште не беа покриени со проектот (централна Македонија), да бидат покриени од страна на петте НВО кои го имплементираат ППЧП. Со тоа ППЧП не е ограничен само на поранешните кризни региони, како што беше замислен и имплементиран во текот на 2004 година. Воедно, со тоа се овозможува сеопфатен преглед на проблемите во врска со случаите на полициска злоупотреба на национално ниво.

**Табела 1: Евидентирани случаи на полициска злоупотреба**

| НВО | Случаи пренесени од ОБСЕ | Случаи иницирани од НВО-и | Случаи пренесени од други Меѓ. Орг. | Евидентирани случаи | Затворени случаи | Активни случаи |
|---|---|---|---|---|---|---|
| **АРКА** | 5 | 22 | 2 | 29 | 10 | 19 |
| **Коалиција** | 7 | 21 | 7 | 35 | 11 | 24 |
| **ЦДР** | 5 | 11 | 1 | 17 | 1 | 16 |
| **ИЗБОР** | 0 | 13 | 0 | 13 | 5 | 8 |
| **ЦГИ** | 2 | 3 | 1 | 6 | 0 | 6 |
| **Вкупно** | **19** | **70** | **11** | **100** | **27** | **73** |

НВО-те кои го имплементираа ППЧП, заклучно со 31 октомври 2005, евидентираа вкупно 100 случаи на пречекорување на овластувањата од страна на полицијата или лошо постапување, што во однос на 39-те случаи евидентирани во 2004 год. претставува зголемување на бројот на регистрирани случаите за 156,4%.

Во досегашната имплементација на Проектот **АРКА** има регистрирано **29** случаи. Од нив десет случаи се затворени: еден од случаите бил затворен бидејќи станува збор за случај што е опфатен со Законот за амнестија, а друг затоа што евидентираните наводни жртви не сакале да ја проследат жалбата. Другите осум случаи се затворени бидејќи Секторот, народниот правобранител и Јавното

обвинителство утврдиле дека нема случај на полициска злоупотреба, а наводните жртви не биле заинтересирани да поднесат приватни тужби. Останатите 19 случаи се активни. Од вкупниот број случаи 5 се пренесени од ОБСЕ, 2 случаи се трансферирани од страна на ПРОКСИМА, а останатите 22 се самоиницирани од страна на АРКА. Од 11 регистрирани случаи во оваа година, 9 се самоиницирани. Проект-офицерите на **Коалицијата "Сите за Правично судење"** имаат регистрирано 35 случаи. 11 од нив се затворени. Имено, во првиот случај, една од жртвите не била заинтересирана да продолжи со започнатата постапка, во вториот случај жртвата не сакала да ја проследи жалбата бидејќи се плашела дека со својата жалба би ја испровоцирала полиција, а во третиот случај наводната жртва починала. Одлуката за затворање на третиот случај е донесена од проект-офицерите кои го покриваат скопскиот регион во координација со ОБСЕ. Четвртиот случај е затворен поради неколку причини: наводната жртва немала волја да биде поднесена претставка до СВКПС, немало доволно докази, а исто така странката претпочитала случајот да биде воден од страна на ПРОКСИМА.

Во три од случаите наводните жртви, кои се регистрирани наркозависници, одбивале да извадат лекарски уверенија, иако им било укажано дека трошоците за лекарско ќе им бидат надоместени. Наводните жртви истовремено давале конфузни изјави во однос на наводните сторители на повредите и во однос на локацијата каде истата била сторена. Никакви сведоци, ни материјални докази не биле посочени. Еден од случаите е затворен бидејќи, по добиените одговори по поднесени претставки до СВКПС и Канцеларијата на народниот правобранител и по консултации со наводната жртва, проект-офицерите на Коалицијата констатирале дека правата на жртвата се повредени од страна на обезбедувањето на државен орган, а не од страна на полицијата. Негативен одговор во однос на поднесени претставки од страна на Канцеларијата на народниот правобранител и СВКПС, како и фактот што е приложено лажно лекарско уверение од страна на странката е причина за затварање на еден од случаите. Друг регистриран случај е затворен откако е добиен негативен одговор по однос на поднесени претставка од страна на Канцеларијата на народниот правобранител, односно е констатирано дека претресот бил легален. Странката не била заинтересирана за натамошно водење на постапката. Еден случај е затворен по усно добиениот одговор од инспекторите на СВКПС дека е издадена сета потребна документација за одземени предмети, односно нема повреда на правата. Наводната жртва не била заинтересирана за натамошно водење на постапката бидејќи во мегувреме одземениот предмет бил вратен.

Значи, во Коалиција има *24 активни случаи*. По една петтина од вкупниот број случаи на Коалицијата, односно 7, се случаи пренесени од ОБСЕ и 7 случаи се пренесени од ПРОКСИМА. Останатите 21 се самоиницирани случаи од НВО. 13 од 21 регистриран случај во оваа година се самоиницирани од страна на Коалицијата.

**ЦДР** имаат регистрирано 17 случаи. Еден случај е префрлен на ЦГИ, а друг случај е затворен бидејќи не постоеле законски основи за преземање на правни дејствија во рамките на ППЧП. Останатите 15 случаи се активни. 5 случаи се пренесени од ОБСЕ, 1 е трансфериран од ПРОКСИМА, а останатите 11 се самоиницирани од

ЦДД. Од случаите регистрирани во 2005 год. 1 е пренесен од ОБСЕ, 1 од ПРОКСИМА, а девет се самоиницирани.

Случајот **ТЕ 006** е затворен бидејќи се исцрпени сите правни средства во рамките на ППЧП и ниеден од предходно наведените органи не сметал дека има повреда на правата на наводната жртва.

Нововклучената НВО во ППЧП - **ИЗБОР** од Струмица има регистрирано **13** случаи на неправилно однесување од страна на полицијата. Пет од тие случаи се затворени. Имено, добиен е негативен одговор од СВКПС, додека во одговорите од народниот правобранител, во два од овие пет случаи, во образложението од одлуката е наведено дека полицијата при вршењето на своите законски должности треба да го почитува човековото достоинство. Можеби најголема придобивка во струмичкиот регион во десегашната имплементација на ППЧП е фактот што петте регистрирани наводни жртви сметаат дека по поднесување на претставките до Секторот и до народниот правобранител, односот на полицијата кон нив е изменет во позитивна смисла, осносно сега полицајците ги почитуваат правата и слободите на наводните жртви. Исто така, 13-те случаи на ИЗБОР се самоиницирани.

**ЦГИ** има регистрирано **6** случаи во југозападниот дел од Македонија, кој го покрива. Во април случајот ТЕ 005 е трансфериран во надлежност на ЦГИ и ја добива ознаката ПП 001, имајќи ја предвид територијалната покриеност на Македонија од страна на НВО на ППЧП. Сите случаи кои ги води проект-офицер на ЦГИ се активни. Еден од тие случаи е пренесен од ПРОКСИМА, додека два се трансферирани од ОБСЕ. Останатите 3 случаи се самоиницирани.

Од досегашната имплементација на Проектот може да се констатира дека значителен број граѓани, наводни жртви на неправилно однесување од страна на полицијата, се обраќаат до проект-офицерите на ППЧП барајќи правна помош и совети, меѓутоа истите се плашат да иницираат постапка против ОСЛ на МВР.

НВО кои го имплементираат ППЧП, заклучно со 31 октомври 2005 год., имаат регистрирано 100 случаи на пречекорување на овластувањата од страна на полицијата или лошо постапување. Од нив 70 се самоиницирани од НВО, 19 се пренесени од ОБСЕ, а 11 од ПРОКСИМА. 27 од случаите се затворени, а останатите 73 се активни.

Вреди да се спомене дека од 39 регистрирани случаи во текот на 2004 год. 23 се идентификувани од самите НВО кои го имплементираат ППЧП, односно тоа е 59% од вкупниот број случаи. Во 2005 год. се регистрирани 61 случај од кои 47 се идентификувани, односно 77,1% од бројот на случаите. Тоа наведува на заклучокот дека НВО-и во ППЧП сè повеќе сами идентификуваат случаи на полициска злоупотреба.

**Начин на идентификација на случаи во рамките на ППЧП**




**Заклучоци:**

- Во 2005 год. е постигната целосна покриеност на Република Македонија од страна на ППЧП со вклучување на две нови НВО активни на полето на човековите права, со што е постигнат еднаков пристап до услугите кои ги обезбедува Проектот до сите граѓани;
- Бројот на регистрирани случаи на полициска злоупотреба и неправилно однесување од страна на полицијата во рамките на ППЧП изнесува 100, што во однос на 39-те случаи евидентирани во 2004 год. претставува зголемување на бројот на регистрирани случаите за 156,4%;
- Пет регистрирани наводни жртви во струмичкиот регион сметаат дека по поднесување на претставки до Секторот на МВР и до народниот правобранител, односот на полицијата кон нив е изменет во позитивна смисла, односно по иницирана постапка полицајците ги почитуваат правата и слободите на наводните жртви.

**Предмет на загриженост:**

- Значителен број граѓани, наводни жртви на неправилно однесување од страна на полицијата, се обраќаат до правните советници на ППЧП барајќи правна помош и совети, меѓутоа истите се плашат да иницираат постапка против ОСЛ на МВР.

**Препораки:**

- Спроведување на интензивна медиумска кампања со цел запознавање на граѓаните со услугите што им ги нуди Проектот на наводните жртви на неправилно однесување од страна на полицијата.

# 3 Етничка, старосна и полова структура на евидентираните наводни жртви

Вкупниот број на жртви на полициска злоупотреба евидентирани од страна на НВО **ИЗБОР,** која го покрива југоисточниот дел од земјата, изнесува 13 и сите од нив се Македонци и полнолетни. 12 се мажи и една е жена.

**ЦДР** евидентираа 21 жртва на неправилно однесување од страна на полицијата. Од нив сите се полнолетни и сите се мажи. 19 се Албанци, а 2 се Македонци.

Проект-офицерите на **Коалицијата** идентификувале 41 наводни жртва на полициска злоупотреба. Од нив 36 се мажи, а 5 се жени. 39 се полнолетни, а еден е малолетен. 19 се Македонци, 14 се Албанци, 3 се Роми, 1 е Турчин, 1 Влав, 1 странски државјанин и 2 се со непознато етничко потекло.

Случаите регистрирани од страна на **ЦГИ** се однесуваат на 7 наводни жртви, од кои шест се Македонци, а едно лице е од албанска националност. Сите се полнолетни, а една од регистрираните наводни жтрви е од женски пол. Останатите шест се мажи.

**АРКА** има евидентирано 40 наводни жртви. Од нив Роми се 15, 13 Албанци и 12 Македонци. 38 се полнолетни, а останатите 2 малолетни. Сите евидентирани наводни жртви се од машки пол.

**Табела 2: Етничка, старосна и полова структура на наводни жртви**

| НВО | Албанци | Македонци | Роми | Мажи | Жени | Возрасни | Малолетни | Вкупно |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| АРКА | 13 | 12 | 15 | 40 | | 38 | 2 | 40 |
| Коалиција | 14 | 19 | 3 | 36 | 5 | 40 | 1 | 41 |
| ЦДР | 19 | 2 | | 21 | | 21 | | 21 |
| ИЗБОР | | 13 | | 12 | 1 | 13 | | 13 |
| ЦГИ | 1 | 6 | | 6 | 1 | 7 | | 7 |
| **Вкупно** | **47** | **52** | **18** | **115** | **7** | **119** | **3** | **122** |

На ниво на целата држава се *евидентирани 122 наводни жртви на полициско насилство*, што претставува зголемување на бројот на наводните жртви за 141,8% во однос на 2004 год. Од нив 47 Албанци, 52 Македонци, 18 Роми и петмина останати. Изразено со проценти, 42,62% од наводните жртви се етнички Македонци, 38,52% се етнички Албанци, 14,75% се Роми.

Најголем дел на наводните жртви доаѓаат од регионот на Скопје (кој го покрива Коалицијата) - 33,6%, потоа следи регионот на североисточна Македонија (покриен од страна на АРКА) со 32,79%, па ЦДР (која го покрива полошко-кичевскиот регион) со 17,21% од жртвите, НВО ИЗБОР (која го покрива југоисточниот регион) со 10,65% и ЦГИ со 5,74% од наводните жртви. Три од жртвите се малолетници, односно 2,45%, а жени се 5,73% односно седум лица.

**Заклучоци:**

- Вкупниот број на евидентирани наводни жртви на пречекорување на овластувањата на полицијата во рамките на ППЧП изнесува 122 што претставува зголемување за 141,8% во однос на 2004 год;
- Најголемиот дел од евидентирани случаи на полициска злоупотреба доаѓа од скопскиот регион, од регионот на Куманово - Крива Паланка, како и од струмичкиот регион;
- Огромно мнозинство евидентирани жртви на полициска злоупотреба се мажи (95,08% од наводните жртви) и полнолетни лица (94,27% од наводните жртви).
- Од евидентираните 122 наводни жртви 52 се Македонци, 47 се Албанци и 18 се Роми. Изразено со проценти, 42,62% од наводните жртви се етнички Македонци, 38,52% се етнички Албанци, 14,75% се Роми.

**Етничка структура на наводните жртви**



# 4 Вид на овластени службени лица инволвирани во регистрираните случаи од ППЧП

Во однос на овластените службени лица вмешани во случаите на пречекорување на овластувањата на полицијата евидентирани од страна на **проект-офицерите на Коалицијата**, забележано е следново:

Во пет случаи на пречекорување на овластувањата на полицијата, наводното малтретирање се случило во полициската станица “Бит Пазар”. Во овие случаи биле вмешани *униформирани овластени службени лица*, а едно од пријавените малтретирања наводно го извршил *командирот* на полициската станица. Забележано е дека во 4 евидентирани случаи наводното малтретирање се случило во полициската станица “Центар” (БЕКО), во коишто биле вмешани униформирани овластени службени лица. Во полициските станици “Автокоманда” и “Карпош“, покрај униформирани овластени службени лица, исто така биле вмешани и *инспектори* при МВР. Една жртва се жали на претепување од страна на униформирани полицајци од полициската станица “Бутел“, а еден наводна жртва се жали на овластено службено лице (ОСЛ) и инспектор при СВР “Драчево“.
Имало и инциденти што се случувале надвор од полициските станици, а ги извршиле овластени службени лица/униформирани полицајци. На пример: две од наводните жртви се жалат на неправилно однесување од страна на овластени службени лица припадници на *граничната полицијата*. Конкретните поплаки се однесуваат на припадниците на граничната полиција на граничните премини Табановце, Богородица и Деве Баир. Во друг евидентиран случај, овластените службени лица биле вмешани во наводен незаконски претрес што се случил на еден полициски пункт на регионалниот пат што ги поврзува селото Долани и Штип. Во еден случај наводните жртви биле нападнати од овластени службени лица на МВР кои во моментот не биле на должност, односно биле во цивилна облека.

Во седум од случаите постои вмешаност на *специјални полициски единици*, односно маскирани полицајци за време на наводен незаконски претрес на простории, односно наводен незаконски претрес за време на конфликтот, на полициски пункт. Четири од случаите се однесуваат на наводно брутално претепување од страна на *специјалните полициски сили “АЛФА”*. Една од наводните жртви се жали на брутално претепување во центарот на Скопје од страна на *специјалните полициски сили “АЛФА”*, како резултат на што жртвата поминала една недела во болница.

Случаите евидентирани на подрачјето кое го покрива **АРКА** го покажуваат следното:

Во седум од случаите на АРКА, инволвиран е поранешниот *командир* на полициска станица “Ранковце”. Во еден од случаите е вмешан полицаец од полициска станица “Ранковце”, а во друг случај е инволвирано ОСЛ од СВР Штип.

Во единаесет од евидентираните случаи на пречекорување на овластувањата од страна на Полицијата се инволвирани *униформирани овластени службени лица вработени во Секторот за внатрешни работи во Куманово*, како и два случаи на вмешаност на овластено службено лице вработено во Секторот за внатрешни работи во Крива Паланка. Во наводниот случај на наводен незаконски претрес (случајот “Сопот“) постои вмешаност на инспектори вработени во Секторот за внатрешни работи во Куманово и претставници на разузнавачки служби. Во 5 случаи постои вмешаност на *инспектори при Секторот за внатрешни работи Куманово*.

Во два случаи регистрирни од страна на АРКА се инволвирани припадници на Специјалната единица за брзи интервенции “АЛФА“ при МВР - Скопје.
Случаите евидентирани на подрачјето на Тетово од страна на **ЦДР** се однесуваат на *униформирани полицајци*, односно овластени службени лица вработени во Секторот за внатрешни работи од Тетово. Еден од случаите укажува на вмешаност на *поранешниот началник на Управата* за *безбедност и контраразузнавање од Тетово*. Во два случаја постои вмешаност на *маскирани полицајци*. Два од случаите се однесуваат на *инспектори* од СВР - Тетово, а еден од наводните сторители, ОСЛ од ПС “Групчин“, Основното јавно обвинителство (ОЈО) - Тетово го гони за кривично дело тортура (чл. 142 став 1 од КЗ).

**Вид на ОСЛ на МВР инволвирани во случаите на ППЧП**




Проект-офицерот на **ИЗБОР** евидентирал 6 случаи во кој се инволвирани *ОСЛ на Секторот за недозволена трговија* од СВР - Струмица, во три случаи постои инволвираност на *инспектори* од СВР - Струмица. Постои вмешаност на униформирани овластени службени лица, во еден случај вработен во СВР - Струмица, и во два случаи ОСЛ вработени во СВР - Виница.

Во случајот кој е трансфериран на **ЦГИ** од **ЦДР** се инволирани ОСЛ лица од полициска станица во Охрид. Во три случаи регистрирани од страна на **ЦГИ** инволвирани се инспектори од СВР - Прилеп, во еден случај е инволвиран инспектор од СВР - Кавадарци. Во еден случај е вмешан началник на крим-одделението при СВР - Прилеп.

**Заклучоци:**

- Најголемиот дел од случаите се однесуваат на вмешаност на униформирани полицајци во евидентираните случаи на пречекорување на овластувањата на полицијата;
- На подрачјето на Тетово и Куманово случаите на пречекорување на овластувањата на полицијата или лошо постапување укажуваат на вмешаност на униформирани полицајци кои работат во СВР - Тетово и СВР - Куманово;
- Во регионот на Струмица најголен број од случаите се однесуваат на наводни пречекорувања од страна на претставници на Секторот за недозволена трговија од СВР - Струмица;
- Евидентираните случаи на полициска злоупотреба укажуваат на вмешаност на инспектори од МВР во извесен број на случаи;
- Во седум случаи на АРКА е констатирана наводна вмешаност на една личност - поранешниот командир на полициската станица “Ранковце”;
- Евидентирани се случаи на вмешаност на специјални полициски сили, како и на претставници на разузнавачки служби;
- Во рамките на ППЧП се регистрирани шест случаи кои се однесуваат на специјалните полициски сили АЛФА. Пет од наводните жртви се жалат на брутално претепување од страна на претставници на специјалните полициски сили АЛФА ;
- Еден од наводните сторители, ОСЛ од полициската станица “Групчин“, ОЈО - Тетово го гони за кривично дело тортура според чл. 142 став 1 од КЗ.
- Во текот на 2005 год. за првпат од страна на ППЧП се идентификувани случаи во кои се вмешани претставници на граничната полиција на граничните премини Деве Баир, Табановце и Богородица;

# 5 Поднесување на претставки до Секторот за внатрешна контрола и професионални стандарди (СВКПС) во МВР

## 5.1. Вовед

Еден од механизмите кој им е достапен на граѓаните што се жалат на неправилно однесување од страна на овластени службени лица на МВР, е поднесување на претставка до Секторот за внатрешна контрола и професионални стандарди (СВКПС) во МВР. **Правилникот за вршење на работите на Секторот** го регулира начинот на поднесување на претставки до Секторот, истрагите што ги презема Секторот во МВР врз основа на поднесените претставки, како и временскиот период во којшто Секторот го известува подносителот на претставката за резултатот од спроведената истрага.

СВКПС учествува во непосредно разоткривање на неправилностите во работењето по добиени анонимни достави, претставки од граѓани и вработени во МВР, проверки и одговори по барања доставени од јавното обвинителство или од народниот правобранител кои се однесуваат за постапки преземени од вработени во МВР, како и работа по сознанија за извршени незаконски дејства од припадници на МВР, добиени по оперативен пат.

## 5.2. Поднесување на претставки до СВКПС

Правото на секој граѓанин да поднесе претставка до државни и други јавни органи, како и по нив да добива одговори, е загарантирано со Уставот на Република Македонија (член 24 став 1 од Уставот на РМ)

Член 10 став 1 од Правилникот за вршење на работите на СВКПС пропишува дека претставките на граѓаните што се однесуваат на незаконско и непрофесионално постапување на вработените во МВР можат да се поднесат во *писмена и во усна форма*. При поднесување на усна претставка граѓанинот му се обраќа на дежурниот полицаец и тој, доколку во таа станица нема деташиран инспектор на СВКПС, одредува еден од полицајците кој ќе состави **записник.** Записникот се пополнува во посебна просторија и веднаш или во рок од еден ден се доставува до СВКПС. Записникот се потпишува од полицаецот што ја прима претставката и од граѓанинот.

Став 3 од истиот член пропишува дека во подрачните организациони единици на МВР во кои се *деташирани инспектори на Секторот*, писмените претставки се доставуваат до овие лица. Деташирани инспектори на Секторот има во следниве градови: Гостивар, Тетово, Велес, Куманово, Охрид, Штип, Струмица, Битола и

Скопје. Присуството на деташираните инспектори на локалните координативни состаноци укажува на фактот дека проект-офицерите на ППЧП имаат воспоставено задоволително ниво на соработка со Секторот.

Член 17 став 2 го определува *временскиот период* во кој Секторот мора да ја заврши истрагата по поднесените претставки. Истрагите за полесни облици на незаконско и непрофесионално постапување треба да се завршат во рок од **30 дена** од поднесувањето на претставката, а за потешки облици на незаконско и непрофесионално постапување најдоцна во рок од **90 дена**.

Понатаму, во став 3 се вели дека по добиена согласност од страна на раководителот на Секторот, и доколку има оправдани причини, истрагата може да трае и подолго, но не подолго од 6 месеци. Став 4 надополнува дека во секој случај *кога истрагата трае подолго од 30 дена, странката ќе се извести во рок од 30 денови од поднесување на претставката дека истрагата продолжува заради утврдување на дополнителни факти.*

Член 24 од Правилникот утврдува дека *Секторот е должен писмено да ги извести подносителите на претставки за текот и исходот од постапката*.

Со предлог-законот за полиција, кој во ноември 2005 е во постапка на донесување, се предвидува рок од 30 дена од денот на настанот во кој граѓанинот може да поднесе претставка до полицијата. НВО кои го имплементираат ППЧП се на став дека рокот од 30 дена кој се предлага е рестриктивен за човековите права. Причините за ваквиот став може да се групираат на следниот начин:

- Од досегашната имплементација на проектот може да се забележи дека во значителен дел од случаите граѓаните поднесуваат претставки по истекот на рокот од 30 дена, особено во случаите на граѓани кои се жалат на непостапување од страна на полицијата. Произлегува заклучокот дека во иднина, доколку овој рок биде усвоен, значителен број на граѓани не ќе можат да ги остварат своите права преку поднесување на претставка до СВКПС;
- Рокот во кој може да се поднесе претставка до Канцеларијата на народниот правобранител изнесува 1 год. Од друга страна, рокот за поднесување приватна тужба изнесува 3 месеци. Споредувајќи ги овие рокови со рокот од 30 дена кој се предлага, произлегува дека МВР со предложениот текст сака да го растовари Секторот од дел од претставките, на сметка на ограничување на човековите права.

НВО кои го имплементираат ППЧП на состанокот на МИНОП[2] на 8. 11. 2005год. ги изнесоа своите забелешките во однос предлог-законот за Полиција. Меѓу забелешките централно место му беше дадено на рокот од 30 денови кој се предлага[3]. Останува да видиме дали работната група која работи на текстот на

[2] МИНОП е неформална група во која членуваат претставници на МВР, народниот правобранител и НВО. НВО кои го имплементираат проектот на состаноците на МИНОП се претставени од проект-координаторот.
[3] Рокот од 30 денови се предлага со член 8 став 1 од текстот на предложениот закон за полиција.

Законот ќе ги прифати забелешките на ППЧП. За жал, првичните реакции се негативни, и голема е веројатноста дека Законот ќе биде усвоен без да се земат предвид забелешките на невладиниот сектор во однос на рокот што се предлага.

## 5.3. Статус на поднесените претставки до СВКПС од НВО кои го имплементираат ППЧП

Во најголем дел од евидентираните случаи во рамките на ППЧП е поднесена претставка до СВКПС. Табелата подолу го прикажува бројот на претставките, како и барањата за известување доставени до Секторот на МВР.

**Табела 3: Поднесени претставки до Секторот на МВР**

| НВО | Поднесени претставки | Примено известување | Барање за известување | Известување по барањето за известување |
|---|---|---|---|---|
| **АРКА** | **22** | **6** | **11** | **10** |
| **Коалиција** | **20** | **10** | **4** | **3** |
| **ЦДР** | **13** | **6** | **5** | **4** |
| **ИЗБОР** | **12** | **8** | | |
| **ЦГИ** | **4** | **0** | **1** | |
| ВКУПНО | **71** | **30** | **20** | **17** |

Во досегашната имплементација на ППЧП, од страна на проект-офицерите на НВО претставки до Секторот се поднесени во 71 случај. *Одговор од страна на СВКПС е добиен во 47 случаи, односно одговорено е на 66,2% од поднесените претставки.*

Рокот во кој СВКПС одговара на поднесените претставки за неправилно однесување од страна на полицијата воопшто не соодветствува на законски предвидени рокови во кој Секторот треба да ја спроведе истрагата по наводите во поднесената претставка. Иако согласно чл.17 став 2 од Правилникот на Секторот истрагите за полесни облици на незаконско и непрофесионално постапување треба да се завршат во рок од **30 дена** од поднесувањето на претставката, а за потешки облици на незаконско и непрофесионално постапување најдоцна во рок од **90 дена,** досега само во **два случаи** е одговорено на претставка во рок од 30 дена, а во рокот од 90 дена е одговорено на осум претставки.

Иако, само поради постоење на оправдани причини и во согласност со раководителот на Секторот, истрагата може да трае најмногу шест месеци, може да се забележи дека на дваесет и осум претставки е одговорено во рок од шест месеци. Како флагрантно непочитување на рокот за одговор на Претставките може да се наведе фактот дека *во осум случаи е одговорено по истекот на периодот од шест месеци*. Како куриозитет може да се истакне примерот со *два случаи во кои на одговор од страна на Секторот е чекано 10, односно 11 месеци.*




## 5.4. Барања за известување до Секторот на МВР

Како резултат на ненавремените одговори од страна на претставниците на СВКПС, персоналот којшто работи на инплементација на Проектот ја воспостави праксата на поднесување барања за известување до СВКПС за случаите каде што не е одговорено на претставката во пропишаниот временски период. Во поднесените барања за известување проект-офицерите бараат информации за статусот на поднесената претставка, исходот на истрагата (доколку истата е спроведена) и информации за исходот на дисциплинската постапка, односно постапката за престанок на работниот однос на ОСЛ на МВР (доколку истата е започната и спроведена).

По воспоставувањето на практиката на одржување на локални координативни состаноци, барањата за известување покрај писмено со официјален допис, им се доставуваат и усно на присутните инспектори на Секторот, со што од страна на НВО кои го имплементираат Проектот се вложуваат максимални напори за забрзување на временскиот интервал во кој се постапува по поднесени претставки.

## 5.5. Претставки на кои СВКПС сè уште нема одговорено

Секторот нема одговорено на вкупно 24 поднесени претставки. Седум од тие претставки се поднесени во октомври 2005[4], девет од претставките се поднесени пред повеќе од 30 а помалку од 90 дена, три претставки се поднеснени пред повеќе од 90 дена а помалку од шест месеци, а 5 претставки на кои сè уште нема одговор од Секторот се поднесени пред повеќе од шест месеци. Може да се изведе заклучокот дека постапувањето на СВКПС по поднесени претставки во роковите предвидени со Правилникот за вршење на работите на Секторот е слаба страна во неговата работа.

[4)] Во моментот на пишување на извештајот не бил изминат рокот од 30 дена

**Претставки на кои не е одговорено**




*Проблемот со пролонгирање на рокот во кој се врши истрагата по наводите во поднесената претставка и доставувањето на писмен одговор на нејзиниот подносител* беше потенциран и од страна на заменик- раководителот на Секторот за внатрешна контрола и професионални стандарди, кој беше еден од презентерите на обуката на правни советници вклучени во ППЧП.

Согласно податоците со кои располага ППЧП, основен проблем е недостигот на човечки ресурси кои би работеле на оваа проблематика. Имено, во последните неколку години повеќекратно е зголемен бројот на поднесените претставки до Секторот, а бројот на вработени е останат ист. Се поставува прашањето - зошто во услови на превработеност во јавниот сектор во Република Македонија не се изврши прераспределба на кадар во тој оддел на МВР, за истиот на тој начин да може да ги извршува своите обврски во законски предвидените рокови.

## 5.6. Исход од претставките поднесени до СВКПС

### *А) Законска рамка*

Според член 21 став 1 од Правилникот на Секторот, доколку за време на истрагата се утврди дека постојат доволно докази за започнување на постапка за престанок на работниот однос поради кршење на работната дисциплина, Секторот поднесува предлог за продолжување на истрагата пред Комисијата за отказ.

Согласно член 133 од Колективниот договор на МВР, Комисијата по спроведената расправа и изведените докази ја утврдува одговорноста на работникот и изготвува писмен предлог до министерот за внатрешни работи заради донесување соодветно решение. Доколку Комисијата утврди дека работникот не е одговорен или не се исполнети условите за донесување на решение за престанок на работниот однос со отказ, му предлага на министерот да го отфрли предлогот, односно да ја запре постапката. Доколку министерот не се согласува со предлогот, предметот може да го врати на повторно разгледување во случај кога неправилно или нецелосно е утврдена фактичката состојба, погрешно е применет материјалниот пропис или може да донесе поинакво решение.

Во зависност од степенот на одговорност на работникот, условите под кои е направена повредата на работните обврски, поранешната работа и однесувањето на работникот, тежината на повредата и нејзините после-дици, министерот може отказот на работникот да го замени со парична казна која не може да биде поголема од 15% од месечната плата на работникот во траење од 1 до 6 месеци.

Покрај тоа, согласно член 144 став 11 од Законот за кривична постапка МВР, врз основа на собраните докази и сознанија, против лицето за кое постои основано сомнение дека извршило дејствие што претставува кривично дело, изготвува кривична пријава којашто заедно со доказите и списите за преземените мерки и дејствија ја доставува до надлежниот јавен обвинител. Натаму, согласно чл. 3 од Правилникот на Секторот, рако-водителот на Секторот ќе го информира министерот кога со спроведената истрага ќе се утврди постоење на инкриминирани дејствија, кршење на работната дисциплина или непрофесионално однесување на вработен во МВР.

***Б) Исход од претставките на случаите во рамките на ППЧП***

Во досегашната имплементација на Проектот е добиен одговор на вкупно 47 поднесени претставки и барања за известување. На 37 од поднесените претставки и барања за известување е добиен одговор дека **наводите во претставката се неосновани, односно дека овластените службени лица постапиле согласно законот**. Тоа значи дека во **78,73% од случаите** каде Секторот ја завршил истрагата, истиот констатира дека нема случај на пречекорување на овластувањата од страна на полицијата.

Во останатите десет случаи евидентирани од страна на ПО на АРКА, на Коалицијата и на ЦДР забележано е следното:

Во случајот **КУ 001** евидентиран од страна на ПО на АРКА е спроведена *дисциплинска постапка* и сторителите се казнети со парична казна во висина од *15% од износот на нивните плати во траење од 6 месеци*. Во случајот **КУ 009** е добиено известување во кое се вели дека тврдењата наведени во жалбата се основани, т.е. овластеното службено лице не пос-тапило во согласност со правилата и прописите на МВР. Ќе се покрене пре-порака за покренување дисциплинска постапка против овластено службено лице согласно Колективниот договор на МВР. Како и да е, сѐ уште *нема информации за исходот на дисциплинската постапка*, доколку истата е спроведена. ПО на АРКА двапати упатуваат до Секторот барања за инфор-мација за исходот од дисциплинската постапка, но од Секторот нема ника-ков одговор. Овластени службени лица од СВР во Крива Паланка поднеле *прекршочна пријава против наводната жртва*, согласно член 12 од Законот за прекршоци.

Во однос на случајот **КУ 017** од Секторот е добиен одговор дека овластеното службено лице не постапувало согласно правилата и прописите на МВР. Овластениот претпоставен ќе преземе соодветни мерки против овластеното

службено лице, согласно Колективниот договор на МВР. Сепак, и по две поднесени барања за информации за исходот од постапката од страна на ПО на АРКА не постои никаква информација за мерките преземени против овластеното службено лице. Вреди да се спомени дека *против наводната жртва е поднесена прекршочна пријава* за сторен прекршок согласно член 15 став 1 точка 3 од Законот за прекршоци. Во сите останати случаи на кои **АРКА** има добиено одговор СВКПС не нашол повреда на правата и слободите на наводните жртви од страна на ОСЛ на МВР.

Во однос на регионот на западна Македонија покриен од страна на ЦДР може да се презентираат следниве случаи:

За случајот **ТЕ 001** е добиено известување од страна на Секторот дека тие постапиле по претставката од наводната жртва и ги испитале тврдењата. Секторот за внатрешни работи од Тетово поднел *кривична пријава против началникот на Управата за безбедност и контраразузнавање* во Тетово за кривично дело злоупотреба на службена должност и овластување, член 353 став 1 од Кривичниот законик. Понатаму во известувањето се вели дека сите натамошни дејствија спаѓаат под надлежност на ОЈО - Тетово и на Основниот суд во Тетово и дека Секторот не може да се меша во нивната работа. Во однос на случајот **ТЕ 002** СВКПС доставил известување во кое се вели дека Секторот постапува по примената претставка и барањето за известување со цел да ги испита тврдењата и дека наводната жртва ќе биде навремено известена за исходот на истрагата. Исто така, Секторот побарал разбирање од наводните жртви за пролонгирање на истрагата поради фактот дека се работи за “стар случај”. *На “навремен” одговор сè уште се чека.*

Во одговорот од Секторот во однос на случајот **ТЕ 003** се вели дека Секторот целосно ја испитал претставката на наводната жртва и дека врз основа на спроведената истрага не можело да се утврди кои полициски сили го извршиле претресот и ја малтретирале наводната жртва. Понатаму, наводната жртва се советува да покрене приватна тужба против непознати сторители пред надлежниот суд. Во однос на случајот **ТЕ 012** СВКПС доставил известување во кое се вели дека Секторот ќе постапи по судската одлука, во однос на одземените предмети во време на конфликтот во 2001. Судската постапка е во тек. Во останатите **пет случаи** регистрирани од страна на ЦДР, е добиено известување од СВКПС дека по спроведената истрага е утврдено дека *нема повреда на правата на наводните жртви од страна на полицијата*.

Што се однесува до случајот **СК 003** на ПО на Коалицијата усно му е соопштено дека е постапено по наводите во претставката и дека по извршената истрага е *спроведена дисциплинска постапка*, по која сторителите се казнети со 15% од платата. Не е соопштено ни колку месеци ќе трае дисциплинската мерка. Писмен одговор не е добиен. Дури и вака скудниот одговор е добиен по две барања за известување и остварена средба со заменик-раководителот на Секторот на МВР од кој се побарани информации во врска со соодветниот случај. Во однос на случајот **СК 005** СВКПС доставил одговор во кој се вели дека *тврдењата на подносителот*

*на претставката се делумно основани и точни* и Секторот ја упати наводната жртва да поведе приватна тужба против овластеното службено лице вмешано во случајот. Во применото известување воопшто не се споменува дали се води истрага, ниту се споменува за исходот од постапката. Против овластеното службено лице вмешано во случајот не се изречени никакви административни мерки и санкции. Се забележува дека во случајот **СК 006** е добиено известување од Секторот во кое се вели дека против две овластени службени лица Секторот изготви *предлог со мислење за донесување решение за престанок на работниот однос со отказ* поднесен до Комисијата за откази, поради фактот што овластените службени лица при СВР - Скопје не постапиле согласно Колективниот договор на МВР, Уредбата за употреба на огнено оружје и Правилникот за вршење на работи на МВР. И во овој случај ПО од скопскиот регион усно се известени дека на двете ОСЛ вмешани во случајот им е изречена парична казна во висина од 15% од платата.

Во сите останати случаи на кои ПО на **Коалицијата** имаат добиено одговор СВКПС не нашол повреда на правата и слободите на наводните жртви од страна на ОСЛ на МВР.

НВО **ИЗБОР** има добиено одговор на осум од поднесените претставки, и во ниеден од тие случаи СВКПС по спроведената истрага не нашол повреда на правата и слободите на наводните жртви од страна на ОСЛ на МВР.

Како **резиме** од наведени **10** случаи во кои е добиен одговор од Секторот по поднесени претставки, а во кои е констатирана повреда на правата на наводните жртви, би можело да се забележи следново:

- *Во 3 од евидентираните случаи на неправилно однесување од страна на Полицијата, на сторителите им е изречена административна санкција во висина од 15% од платата. Во едниот од тие случаи административната санкција е за период од 6 месеци, а во останатите два случаи не се знае за колку месеци е изречена административната санкција.*
- *Во еден случај Секторот за внатрешни работи од Тетово поднел кривична пријава против наводниот сторител, а случајот се наоѓа пред Основниот суд во Тетово.*
- *Во два случаи од Кумановскиот регион е добиено известување дека е покрената дисциплинска постапка, а одговор за тоа какви санкции се изречени и дали воопшто се изречени нема ни по двете барања за известување во секој од овие два случаи.*

*Во овие случаи затајува транспарентноста во работата на Секторот. Во еден од случаите известувањето од Секторот се состоело во тоа дека истрагата се пролонгирала бидејќи се работело за стар случај, а во друг од случаите Секторот известил дека не можело да се утврди кои полициски сили го извршиле претресот и ја малтретирале наводната жртва. Во деветтиот случај е добиено известување дека наводите се делумно точни и наводната жртва е повикана да поднесе приватна тужба. Дисциплински санкции против сторителот не се преземени. Во десеттиот*

*случај СВКПС доставил известување во кое се вели дека Секторот ќе постапи по судската одлука во однос на одземените предмети во времето на конфликтот во 2001. Судската постапка е во тек.*




Треба да се напомене дека во некои од случаите на наводна полициска злоупотреба, полицијата поднела прекршочни и кривични пријави против наводните жртви.

## 5.7. Како се казнуваат ОСЛ на МВР кои ги кршат човековите права

Од досега изложените случаи евидентирани во рамките на ППЧП може да се забележи дека **единствена санкција[5] која им е изречена на овластени службени лица на МВР** за кои се утврдило дека не постапиле согласно правилата и прописите на МВР, односно **во евидентираните случаи на полициска злоупотреба, е парична казна во висина од 15% од платата.**

Во рамките на случаите евидентирани во рамките на ППЧП, не е доделен ниту еден отказ на ОСЛ на МВР, уште повеќе поради тоа што Министерот за внатрешни работи има право да го замени отказот на вработениот во парична казна која не може да биде поголема од 15% од месечната плата на работникот во траење од 1 до 6 месеци.

Загрижува фактот што поднесителот на претставката не се известува за тоа која санкција му е изречена на ОСЛ - сторител на повредата. Ова е согласно член 23 од Правилникот за вршење на работите на Секторот, кој стипулира дека подносителот на претставката ќе биде известен дали е преземена дисциплинска мерка против сторителот, но нема да биде известен за видот на мерката.

Наведената одредба е во спротивност со член 24 став 1 од Уставот на Република Македонија кој стипулира дека секој граѓанин има право да поднесува претставки до државните органи и другите јавни служби и на нив да добие одговор. Под одговор се подразбира целосен одговор, а не парцијален одговор.

[5)] Останати санкции се: отказ и привремено оддалечување од работа на ОСЛ

**Заклучоци:**

- Претставките за неправилно однесување од страна на полицијата можат да се поднесуваат до Секторот на МВР и до деташираните инспектори на Секторот во 8 града низ Македонија;
- Персоналот којшто работи на имплементација на Проектот ја воспостави практиката на поднесување барања за известување до СВКПС за случаи каде што не е постапено по определена претставка во временски период за постапување по поднесената претставка;
- Единстена казна која им е изречена на ОСЛ на МВР за кои се утврдило дека ги пречекориле своите овластувања со повреда на правата на граѓаните, е административната санкција *15% од месечната плата во траење од 1 до 6 месеци*;
- Од вкупно поднесени 71 претставки од страна на ПО на НВО кои го имплементираат ППЧП, одговор е добиен на вкупно 47. Од нив е утврдено пречекорување на овластувањата од страна на полицијата во вкупно 9 случаи;
- Бројот на вработени во Секторот кои постапуваат по поднесени претставки е константен со години наназад, иако бројот на претставките поднесени до Секторот е повеќекратно зголемен.

**Предмет на загриженост:**

- Во случај на утврдување на пречекорување на овластувањата од страна на ОСЛ на полицијата, поднесителот на претставката не се известува за тоа која санкција му е изречена на ОСЛ - сторител на повредата. Основа на ова нетраспарентно однесување од страна на Секторот е чл. 23 став 2 точка 4 од Правилникот за вршење на работите на Секторот[6]. Одредбата од Правилникот е во спротивност со чл. 24 од Уставот на Република Македонија[7];
- Во дел од регистрираните случаи на наводна полициска злоупотреба, полицијата поднела прекршочни и кривични пријави против наводните жртви;
- Со предлог-законот за полиција, кој во ноември 2005 е во постапка на донесување, се предвидува рок од 30 дена од денот на настанот во кој граѓанинот може да поднесе претставка до полицијата. НВО кои го имплементираат ППЧП се на став дека рокот од 30 дена кој се предлага е рестриктивен за човековите права;
- Временскиот период во кој Секторот на МВР постапува по поднесените претставки за пречекорување на овластувањата на полицијата или лошо постапување е предолг и не кореспондира со роковите утврдени со Правилникот за работа на Секторот;

[6]Подносителот на претставката ќе биде известен дали е преземена дисциплинска мерка против сторителот, без наведување на видот на мерката.
[7]Член 12 од Уставот на РМ стипулира: Секој граѓанин има право да поднесува претставки до државните органи и другите јавни служби и на нив да добие одговор

- Претставниците на Секторот не ги известуваат писмено подносителите на претставки за текот од постапката, ниту се известуваат подносителите на Претставки за причините за пробивање на рокот од 30 дена иако на тоа се обврзани со член 17 став 4 и член 24 од Правилникот за вршење на работите на Секторот;
- Системот на истражување на жалбите во врска со пречекорување на овластувањата на полицијата не е транспарентен, навремен, целосен и објективен во мера неопходна за едно европско демократско општество.

**Препораки:**

- Секторот на МВР треба да избегнува какво било непотребно пролонгирање на разрешувањето на случаите поврзани со полициска злоупотреба;
- МВР да преземе мерки со цел обезбедување навремена, целосна, објективна и траспарентна истрага од страна на Секторот, по поднесени претставки во врска со пречекорување на овластувањата на полицијата или лошо постапување;
- Владата на Република Македонија да ја разгледа можноста да воспостави независен надворешен орган за испитување на претставките во врска со пречекорување на овластувањата од страна на Полицијата во согласност со стандардите на Европската конвенција за човекови права;
- Кадровско доекипирање на Секторот за истиот да може да постапува по поднесените претставки согласно роковите предвидени со Правилникот за работа на Секторот.
- Наводните жртви да бидат навремено информирани за текот и траењето на постапката по поднесена претставка, односно вработените во Секторот да постапуваат согласно член 17 став 4 и член 24 од Правилникот за вршење на работите на Секторот;
- Да се покрене иницијатива до министерот за внатрешни работи за измена на чл. 23 став 2 точка 4 од Правилникот за вршење на работите на Секторот и додавање на одредба во споменатиот член со која Секторот би се обврзал жртвите на неправилно однесување од страна на полицијата да бидат известувани кои мерки се преземени против ОСЛ на полицијата во евидентираните случаи на полициска злоупотреба;
- Да се покрене иницијатива до министерот за внатрешни работи и македонскиот полициски синдикат за бришење на членот 138 од колективниот договор на МВР, со што му се дава право на министерот да го замени отказот на вработениот со парична казна;

# 6 Поднесување на претставки до канцеларијата на народниот правобранител

## 6.1. Надлежност на народниот правобранител

Согласно член 2 од Законот за народен правобранител, народниот правобранител е орган на Република Македонија кој ги штити уставните и законските права на граѓаните и на сите други лица кога им се повредени со акти, дејствија и пропуштања на дејствија од органите на државната управа и од другите органи и организации кои имаат јавни овластувања.

Како новитет се јавуваат 6-те регионални канцеларии на народниот правобранител[8] во следните градови: Битола, Струмица, Штип, Кичево, Куманово и Тетово. Со тоа значително е олеснет пристапот на граѓаните до оваа институција на локално ниво.

## 6.2. Поднесување на претставка до народниот правобранител

Секое лице (физичко, правно) може да поднесе претставка до народниот правобранител кога ќе оцени дека му се повредени уставните и законските права. Претставката се поднесува писмено или усно на записник во Канцеларијата на народниот правобранител и за постапување по истите не се плаќаат никакви такси.

Постапувајќи по претставката народниот правобранител може да постапи на еден од следните начини: да не покрене постапка, да покрене постапка и да ја запре или прекине постапката. Нема да се покрене постапка доколку по предметот на постапката во тек е судска постапка, освен за нејзино неоправдано одолжување или ако е пропуштен рокот од една година од последната одлука или дејствие на органот со кое е сторена повредата.

Народниот правобранител го известува подносителот на претставката во рок од 15 дена од приемот на претставката за покренување постапка по наводите во претставката или за непостоење на основ за покренување на постапка. Кога народниот правобранител ќе констатира дека се повредени уставните и законските права и слободи може да ги примени следните мерки:

1) Да даде препораки, предлози, мислења и укажувања за начинот на отстранување на констатираните повреди;
2) Да предложи повторно спроведување на определена постапка согласно со законот;

[8] Регионалните канцеларии се предвидени со Охридскиот рамковен договор.

3) Да покрене иницијатива за поведување на дисциплинска постапка против службено, односно одговорно лице;
4) Да покрене барање до надлежен јавен обвинител за покренување постапка заради утврдување на казнена одговорност.

### 6.3. Статус на поднесените претставки до народниот правобранител

| НВО | Поднесени Претставки | Претставки на кои е добиен одговор |
|---|---|---|
| **ИЗБОР** | **10** | **8** |
| **ЦДР** | **10** | **8** |
| **Коалиција** | **18** | **10** |
| **АРКА** | **9** | **6** |
| **ЦГИ** | **4** | **1** |
| **ВКУПНО** | **51** | **33** |

Како што може да се забележи од табелата поднесени се вкупно 51 претставка до Канцеларијата на народниот правобранител. Од нив е *добиен одговор на 33 претставки, односно 64,7% од вкупниот број.*

*Во поглед на 5 поднесени жалби, Канцеларијата на народниот правобранител го применила членот 20 став 7 од Законот за народен правобранител*, во којшто се наведува дека народниот правобранител нема да покрене постапка во врска со претставката доколку поминала повеќе од една година од дејствието или од последната одлука на органот или организацијата, освен ако тој процени дека подносителот го пропуштил рокот од оправдани причини.

Во *четиринаесет случаи народниот правобранител оценил дека нема повреда на уставните и законските права на подносителот*. Во два од овие девет случаи, во образложението од одлуката е наведено дека полицијата, при вршењето на своите законски должности, треба да го почитува човековото достоинство.

Во два случаи (СК 015 и СК 016), е добиен одговор од Канцеларијата на народниот правобранител во кој се вели дека народниот правобранител испратил укажување до МВР, Оддел за гранична полиција - Скопје, како да ги применува правните прописи кои се однесуваат на преминување на државната граница на Република Македонија. Со тоа се констатира завршување на постапката. Во еден од случаите (СК 024) во одговорот се наведува дека се работи за помалку значаен случај и народниот правобранител нема да постапува по истиот согласно чл. 20 став 4 од Законот за НП. Не е постапено по однос на случајот СК 014 бидејќи истиот се наоѓа во судска постапка, согласно чл. 20 став 8 од Законот за НП. Не е постапено по случаите **ТЕ 014** и **ТЕ 016** бидејќи предметите се наоѓаат во судска постапка, согласно чл. 20 став 8 од Законот за НП.

Во еден од случаите (КУ 001), канцеларијата на народниот правобранител ја извести наводната жртва дека *ОЈО во Куманово поднел обвинение против наводните сторители.* Во случајот СК 004 народниот правобранител поднесе *барање до*

*надлежниот јавен обвинител* за покренување на постапка заради утврдување на казнената одговорност.

Во случајот ТЕ 001, Канцеларијата на народниот правобранител му издаде директиви на Секторот на МВР за дејствијата кои треба да се преземаат и по добиеното известување. Канцеларијата на народниот правобранител ја информирала наводната жртва дека институцијата ја запрела постапката заради доставувањето *кривична пријава од страна на СВР во Тетово против наводниот сторител.* Исто така, Канцеларијата на народниот правобранител е известена од ОЈО на Тетово дека тие ги преземаат сите потребни дејствија за дополнување на кривичната пријава.

Во врска со случајот **КУ 005** на ПО на АРКА им беше доставен документ "Мислење во поглед на полициската интервенција во селото Сопот", испратен до МВР од Канцеларијата на народниот правобранител. Во мислењето се наведува дека е утврдено дека *МВР* при изведувањето на акцијата во Сопот ги *повредила човековите права* на дел од жителите на тоа село. При тоа констатирана е повреда на член 7 од Законот за внатрешни работи; членовите 4, 5, 6, 50 и 51 и 52 од Правилникот за вршење на работи на МВР, како и член 7 од Уредбата за употреба на огнено оружје.

Во случајот **КУ 020**, Канцеларија на народниот правобранител констатира дека ОСЛ на МВР ги *прекршиле основните човекови права и основни слободи.* Утврдено е дека е прекршен член 12 од Уставот на Република Македонија и член 5 од Европската конвенција за човекови права и фундаментални слободи. Во случајот **КУ 021**, Канцеларија на народниот правобранител констатира дека ОСЛ на МВР ги *прекршиле основните човекови права и основни слободи. Се бара од ОСЛ на МВР да покренат дисциплинска постапка против наводните сторители.*

Во случајот **ПП 003** Канцеларијата на народниот правобранител известила дека смета дека МВР ги презело потребните мерки против наводниот сторител на повредите и затоа НП понатаму нема да постапува по случајот.



Вреди да се истакне фактот дека Канцеларија на народниот правобранител го почитува рокот од 15 дена од приемот на претставката, во кој се известува подносителот на претставката за тоа дали е покрената или во случај ако не се покренува постапка, согласно член 20 став 9 и член 22 од Законот за народен правобранител. Нема предвидено законски рок во кој треба Канцеларијата на народниот правобранител да ја заврши постапката по поднесена претставка.

**Заклучоци:**

- Со отварањето на регионалните канцеларии на народниот правобранител во шест градови во Македонија значително е олеснет пристапот на наводните жртви на полициска злоупотреба и воопшто на сите граѓани до оваа релевантна институција, на локално ниво;
- Во петнаесет од претставките на кои е добиен одговор народниот правобранител не утврдил повреда на законските и уставни права на граѓаните, додека во пет случаи не се преземени никакви дејствија, согласно член 20 став 7 од Законот за народен правобранител (изминат рок од 1 год. од сторената повреда). Одговор е добиен на 33 од вкупно поднесени 51 претставка.

**Препораки:**

- Да се покрене иницијатива при најавените измени и дополнувања на Законот за народен правобранител да се вметне одредба во законскиот текст, со која би се пропишал рок во кој народниот правобранител би бил обврзан да ја заврши постапката по поднесена претставка, како и механизам за периодично известување на граѓаните за состојбата по поднесената претставка на која не е добиен одговор во пропишанот законски рок.
- Екстензивно користење на одредбата од член 25 став 2 од Законот за народен правобранител. Оваа одредба го овластува НП во случај кога е утврдена повреда на законските права и обврски, објавување на случајот во средствата за јавно информирање на трошок на органот кој ја сторил повредата (во овој случај МВР);
- Екстензивно применување на член 30 став 1, со кој на народниот правобранител му се дава овластување да дава иницијативи за измена и дополнување на закони и други подзаконски акти до овластените предлагачи, а во однос на законските и подзаконските акти кои ја регулираат работата на полицијата.

# 7 *Разврска на ППЧП случаите од покренување на кривична пријава до покренување на обвинителен акт*

## 7.1. Законска рамка

Согласно член 42 од Законот за кривична постапка (ЗКП), општо право и должност на јавниот обвинител е кривично да ги гони сторителите на кривични дела коишто се гонат *ex officio* . Исто така, за кривични дела за кои се гони по службена должност, јавниот обвинител е надлежен да презема потребни мерки во врска со откривањето на кривични дела и со пронаоѓањето на сторителите и заради насочување на предкривичната постапка; во предистражна постапка да издава наредби за примена на посебните истражни мерки под услови и на начин утврдени со овој закон; да бара спроведување на истрага, да го подига и застапува обвинителниот акт, односно обвинителниот предлог пред надлежниот суд; да изјавува жалби против неправосилни судки одлуки и да поднесува вонредни правни лекови против правосилни судски одлуки.

Според член 160 од ЗКП, истрага се покренува против определено лице кога постои основано сомневање дека тој/таа сториле кривично дело. Истрагата се споведува на барање на јавниот обвинител; барањето се доставува до истражниот судија. Откако истражниот судија ќе го прими барањето за спроведување истрага, тој ќе ги разгледа списите и доколку се согласи со барањето, ќе донесе решение за спроведување истрага. Решението за спроведување истрага, исто така, ќе се достави до јавниот обвинител и до обвинетиот.

Член 142 став 1 од ЗКП стипулира дека државните органи, институциите кои вршат јавни овластувања и други правни лица се должни да пријавуваат кривични дела за кои се гони по службена должност, за кои се известени или за кои дознале на друг начин. *Во регистрирани случаи на ППЧП во два случаи кривични пријави поднела Канцеларија на народниот правобранител, а во еден случај кривична пријава поднел СВР во Тетово.*

Новитет во Законот е став 3 од горенаведениот член, според кој секој е должен да пријави кривично дело за кое се гони по службена должност. Со тоа ПО на ППЧП се законски обврзани да пријавуваат кривични дела за кои се гони по службена должност.

Во член 174 став 2 од ЗКП е изнесена обврската дека истражниот судија треба да го информира јавниот обвинител за постоење причини за запирање на истрагата и доколку јавниот обвинител во рок од 8 денови не го извести истражниот судија

дека се откажува од гонењето, истражниот судија ќе побара од Советот за донесе одлука за запирање на постапката.

Истражниот судија е должен да ја запре истрагата ако за време на истрагата или по неа, Јавниот обвинител се откаже од гонење.

Членот 177 став 2 од ЗКП, предвидува рок од 15 дена по завршувањето на истрагата, во којшто јавниот обвинител е должен да даде предлог за дополнување на истрагата или за подигнување на обвинителен акт или да се произнесе дека се откажува од гонење. Судскиот совет може да го пролонгира овој рок на предлог на јавниот обвинител.

Со измените на ЗКП од март 2005 год. наместо рокот од 8 дена, во членот 179 став 3 се предвидува **рок од 15 дена**, во кои оштетениот како тужител или приватниот тужител може да поднесе обвинителен акт, т.е. приватна тужба, и доколку тоа не го сторат, ќе се смета дека се откажале од гонење. Постапката престанува со решение. Со оваа измена на временскиот рок се подобрува положбата на оштетениот како тужител и на приватниот тужител во кривичната постапка.

### 7.2. Исход од кривичните пријави поднесени до јавно обвинителство

| **НВО** | Поднесена кривична пријава | Поднесен обвинителен акт | ОЈО се откажува од кривично гонење | Поднесена супсидијарна тужба |
|---|---|---|---|---|
| **Коалиција** | **4** | | **2** | **2** |
| **АРКА** | **9** | **1** | **2** | |
| **ЦДР** | **8** | **1** | **2** | **1** |
| **ЦГИ** | **1** | | | |
| **Вкупно** | **22** | **2** | **6** | **3** |

Во врска со случајот **СК 004**, Канцеларијата на народниот правобранител поднела барање до ОЈО на Скопје за започнување постапка за утврдување на кривична одговорност и истото било прифатено во целост. Постапката пред Канцеларијата на народниот правобранител била прекината и продолжила пред судот како истражна постапка. На 19. 05. 2004 год. сведоците биле испрашани пред истражниот судија. Овластените службени лица на МВР не биле испрашани пред истражниот судија, иако постоела наредба за задолжително приведување. Во меѓувреме, истражниот судија ги испрашал двете осомничени овластени службени лица, по што случајот бил вратен на Основното јавно обвинителство. На 28. 01. 2005 год. ОЈО донел решение за откажување од кривично гонење. Наводната жртва во овој случај го презема гонењето согласно член 56 од ЗКП. *Случајот во моментов е во судска постапка.*

Во случајот **СК 007,** наводната жртва поднела кривична пријава до ОЈО Скопје. Јавниот обвинител поднел барање до истражниот судија кој донел одлука да

спроведе истрага. Поради недостиг на докази ОЈО се откажал од гонење. Согласно со член 173 од ЗКП истражниот судија ја запрел истрагата, поради откажувањето на ОЈО од гонење. По известувањето од истраженииот судија, наводната жртва поднела предлог за продолжување на гонењето. *Случајот е во судска постапка*.

Во случајот **СК 011**, наводната жртва поднела кривична пријава за киднапирање до ОЈО - Скопје на 07. 09. 2004 год. За истото кривично дело МВР поднело прекршочна пријава против сторителот. ОЈО доставило барање до истражниот судија за покренување на истрага. Наводниот сторител не се јавил на првото закажано сослушување од страна на истражниот судија. *Истрагата е завршена. Се чека на одговор од ОЈО во однос на поднесената кривична пријава.* Во случајот **СК 010** кривична пријава е поднесена на 12. 02. 2004 год., но сѐ уште не е примено известување во врска со поднесената кривична пријава. Наводната жртва починала.

Поднесени се кривични пријави до ОЈО - Куманово во врска со следниве случаи: **КУ 005** на 27. 06. 2003, **КУ 007** на 17. 02. 2003, **КУ 008** на 08. 07. 2004, **КУ022** на 13. 06. 2005, **КУ024** на 21. 06. 05 и **КУ 025** на 18. 07. 2005. На ниедна од овие поднесени кривични пријави нема одговор од ОЈО - Куманово, иако две од нив се поднесени пред повеќе од две години.

Кривична пријава до ОЈО - Куманово во врска со случаите **КУ 021** е поднесена на 04. 04. 2005, а за случајот **КУ 025** е поднесена на 12. 07. 2005 год. И во двата случаи ОЈО - Куманово се откажал од кривично гонење. За случајот **КУ 001,** поднесената кривична пријава од страна на Канцеларијата на народниот правобранител била целосно прифатена од ОЈО во Куманово и во согласност со член 161 од ЗКП ОЈО поднело барање до истражниот судија за спроведување на истрага. ОЈО покренало обвинителен акт.

Во врска со случајот **ТЕ 001,** СВР во Тетово поднесе кривични пријави на 20. 04. 04 до ОЈО во Тетово за кривично дело "злоупотреба на службена должност". Наводната жртва била информирана дека *ОЈО од Тетово се откажал од кривично гонење* на 24. 03. 2005 год. Наводната жртва во овој случај го презела гонењето согласно член 56 став 2 од ЗКП. Во однос на случајот **ТЕ 018,** кривична пријава е поднесена во септември 2005 год. ОЈО - Тетово ја прифатило поднесената кривична пријава и *го гони наводниот сторител по чл. 142 став 1 од КЗ* "мачење и друго сурово, нечовечко или понижувачко постапување или казнување".

Поднесени се кривични пријави до ОЈО - Тетово во врска со следниве случаи: **ТЕ 002** на 04. 04. 2004, **ТЕ 003** на 10. 05. 2004, **ТЕ 008** на 30. 11. 2004, **ТЕ 009** на 12. 01. 2005, **ТЕ 017** на 19. 10. 05. На ниедна од овие поднесени кривични пријави нема одговор од ОЈО - Тетово. Во случајот **ТЕ 016** наводната жртва поднела приватна тужба против наводните сторители.

Во однос на случајот **Т Е010,** ОЈО во Тетово се откажал од кривичното гонење на 21 мај 2005 год. бидејќи делото било опфатено со Законот за амнестија. Кривичната пријава била поднесена на 03. 02. 2005 год.




Како што може да се забележи, во две третини од случаите на ППЧП во кои се поднесени кривични пријави до ОЈО истрагата е сѐ уште во тек, односно не е добиен одговор од ОЈО. Драстичен пример е што нема одговор на кривични пријави поднесени до ОЈО пред повеќе од две години. Само во два од сите регистрирани случаи е поднесен Обвинител акт од страна на ОЈО.

**Заклучоци:**

- Во рамките на ППЧП се поднесени 22 кривични пријави против ОСЛ на МВР. Во два од случаите, Основното јавното обвинителство има поднесено обвинителен акт.

**Предмет на загриженост:**

- Постапката по поднесени кривични пријави до Основното јавно обвинителство е долготрајна, стресна и збунувачка за наводните жртви на неправилно однесување од страна на полицијата. Сѐ уште нема одговор на кривични пријави поднесени до ОЈО пред повеќе од две години.

**Препораки:**

- Доследно почитување на одредбите на ЗКП во однос на навремено завршување на истрагата во рок од 90 дена, за да може да биде покренат обвинител акт против наводните сторители;
- Обезбедување на присуство на овластените службени лица во истрага и судските постапки кога се обвинети, како и кога се јавуваат во улога на сведок;

# 8 Постојана анкетна комисија за заштита на човековите права и основни слободи

Проектот за поддршка на човековите права беше презентиран пред членовите на Парламентарната комисија за човекови права и основни слободи на 19. 04. 2005 год. Презентацијата беше изведена од страна на проект-координаторот на ППЧП. Вреди да се спомене дека претставник на Комисијата беше еден од презентерите на обуката на правните советници вклучени во ППЧП, која се оддрда во март 2005 год. Со тоа се воспоставија блиски работни односи со ова парламентарно тело.

Имајќи на ум дека Постојаната анкетна комисија за заштита на човековите права и основни слободи спаѓа во дрдавните институции чија основна сфера на дејствување е проблематиката на човековите права, како и фактот дека само оваа парламентарна комисија е воспоставена со Уставот на Република Македонија, воспоставувањето на врската со ова парламентарно тело има круцијално значење.

ППЧП доби политичка поддршка од страна на членовите на Комисијата. Политичката поддршка на проект од страна на ова парламентарно тело беше изкадана во вид на заклучок во Записникот од седницата на Комисијата.
И покрај фактот дека сѐ уште не се адресирани случаи на полициска злоупотреба до Постојаната анкетна комисија, членовите на истата ја оставија отворена модноста случаи на полициска злоупотреба да бидат презентирани пред нив доколку се јави таква потреба.

**Заклучоци:**

- Воспоставена е работна врска со Постојаната анкетна комисија за заштита на човековите права и основни слободи.

**Препораки:**

- По исцрпување на останатите располодливи правни механизми, одредени случаи на полициска злоупотреба да бидат адресирани до Постојаната анкетна комисија за заштита на човековите права и основни слободи, по предходно одобрение од страна на Извршниот борд на ППЧП.

9

# *Граѓански постапки за надомест на штета*

Со Уставот на Република Македонија и со ЗКП е загарантирано правото на надомест на штета на дртвите на полициска злоупотреба. Имено, член 13 став 2 од Уставот стипулира дека лицето кое е незаконски лишено од слобода, притворено или незаконито осудено, има право на надомест на штета и други права утврдени со закон. Понатаму, лицето кое е незаконски лишено од слобода, приведено или незаконски осудено, како што е наведено во чл.11 од ЗКП, има право на надомест на штета од буџетските средства, има право да биде рехабилитирано, како и други права утврдени со закон.

Од 100 евидентирани случаи на наводно неправилно однесување од страна на полицијата во рамките на ППЧП, само во 15 се започнати граѓански постапки за надомест на штета. Вреди да се спомене дека една од постапките за надомест на штета е завршена во првостепена постапка и на дртвата (СК 001) ѝ се определени 120. 000,00 денари како надомест на штета од страна на Основниот суд Скопје 1. За дал, оваа постапка е започната пред повеќе од една декада, во 1994 год. Сите останати постапки се пред првостепените судови во Македонија.

**Предмет на загриденост:**

- Започнатите судски постапки за надомест на штета траат долго време и само во еден случај има видлив резултат, т.е. е досуден надомест на штета.

# 10 Лекарските уверенија и останати докази во случаи на наводна полициска злоупотреба

Основен документ кој слуди како доказно средство во регистираните случаи на наводни физички повреди од страна на припадници на полицијата е лекарското уверение. Лекарското уверение моде да го издаде секој доктор со дозвола за работа и положен стручен испит.

Во лекарското уверение се внесуваат генералии за болниот, датум на издавање, сегашната здравстена состојба на болниот (детален опис, големина на повреда, длабочина, промени во функција), потоа следува дијагноза и квалификација согласно КЗ (телесна и тешка телесна повреда). Квалификацијата на телесната повреда е според степенот на оштетување на здравјето на болниот. Податоците што се внесуваат за случајот, се оние што лекарот ќе ги дознае од болниот. Како проблем се јавува тоа што докторите пишуваат сѐ што ќе им каде пациентот во однос на начинот на кој се добиени повредите.

Во врска со лекарското уверение најдобро доказно средство се лекарските уверенија на медицинските центри низ земјата, поради фактот дека во пракса се јавуваат лекарски уверенија со сомнителна содрдина издадени од приватни амбуланти. Исто така, лекарското уверение треба да биде навремено извадено, во рок од 1 ден по нанесувањето на повредите. Како и да е, во постапката пред СВКПС, канцеларијата на народниот правобранител и јавното обвинителство нема разлика меѓу лекарското уверение издадено од приватна амбуланта или од медицински центар сѐ додека истото е пополнето на соодветен начин.

Во рамките на ППЧП има фонд од кој на наводните дртви на неправилно постапување од страна на полицијата им се покриваат трошоците за лекарско уверение доколку истите се социјални случаи. Со тоа се настојува да им се помогне на социјално загрозените случаи како исклучително ранлива група во случаите на наводна полициска злоупотреба. Недопустливо е граѓанин да не моде да ги оствари своите права заради немање на средства да се плати лекарското уверение кое моде да чини и до 5. 000,00 денари.

Останати доказни средства во ППЧП-случаите се изкази на сведоци и на наводната дртва, фотографии на наводната дртва и видеозапис од настанот.

**Заклучоци:**

- Во рамките на ППЧП има фонд од кој на наводните дртви на неправилно постапување од страна на полицијата им се покриваат трошоците за лекарско уверение доколку истите се социјални случаи;
- Во постапката пред СВКПС, канцеларијата на народниот право-бранител, јавното обвинителство нема разлика меѓу лекарското уверение издадено од приватна амбуланта или од медицински центар сѐ додека истото е пополнето на соодветен начин.

# *Заклучоци на Завршниот извештај*

- Од евидентирани 122 наводни дртви 52 се Македонци, 47 се Албанци и 18 се Роми. Изразено со проценти 42,62% од наводните дртви се етнички Македонци, 38,52% се етнички Албанци, 14,75% се Роми ;
- Огромно мнозинство евидентирани дртви на полициска злоупотреба се мади (95,08% од наводните дртви) и полнолетни лица (97,54% од наводните дртви);
- Вкупниот број на евидентирани наводни дртви на пречекорување на овластувањата на полицијата во рамките на ППЧП изнесува 122, што претставува зголемување за 141,8% во однос на 2004 год;
- Бројот на регистрирани случаи на полициска злоупотреба и неправилно однесување од страна на полицијата во рамките на ППЧП изнесува 100, што во однос на на 39-те случаи евидентирани во 2004 год. претставува зголемување на бројот на регистрирани случаите за 156,4%;
- Најголемиот дел од евидентирани случаи на полициска злоупотреба доаѓа од скопскиот регион, од регионот на Куманово - Крива Паланка, како и од струмичкиот регион;
- Наводните дртви се плашат да иницираат постапка против ОСЛ на полицијата, кои ги прекршиле нивните уставни и законски права;
- Преку локалните координативни состаноци кои се организираат на месечна основа се овозмодува непосредно и ефективно следење на регистрираните случаи на полициска злоупотреба;
- Преку локалните координативни состаноци се подобрува пристапот на граѓаните до дрдавните институции и се зајакнува предходно воспоставената врска меѓу граѓанското општество и дрдавните институции кои примаат далби за модни повреди на човекови права;
- Овие состаноци имаат големо значење во процесот на забрзување на постапките кои се водат по поднесени претставки до СВКПС и Канцеларијата на народниот правобранител;
- Во 2005 год. е постигната целосна покриеност на Република Македонија од страна на ППЧП со вклучување на две нови НВО активни на полето на човековите права, со што е постигнат еднаков пристап до услугите кои ги обезбедува Проектот до сите граѓани;
- Најголемиот дел од случаите се однесуваат на вмешаност на униформирани полицајци во евидентираните случаи на пречекорување на овластувањата на полицијата;
- На подрачјето на Тетово и Куманово случаите на пречекорување на овластувањата на полицијата или лошо постапување укадуваат на вмешаност на униформирани полицајци коишто работат во Секторот за внатрешни работи во Тетово и СВР во Куманово;
- Во регионот на Струмица најголен број од случаите се однесуваат на наводни пречекорувања од страна на претставници на Секторот за недозволена трговија во СВР во Струмица;

- Евидентираните случаи на полициска злоупотреба укадуваат на вмешаност на инспектори од МВР во извесен број на случаи;
- Во седум случаи на АРКА е констатирана наводна вмешаност на една личност - поранешниот командир на ПС “Ранковце”;
- Евидентирани се случаи на вмешаност на специјални полициски сили, како и на претставници на разузнавачки слудби;
- Во рамките на ППЧП се регистрирани шест случаи кои се однесуваат на специјалните полициски сили АЛФА. Пет од наводните дртви се далат на брутално претепување од страна на специјалните полициски единици АЛФА ;
- Еден од наводните сторители, ОСЛ од ПС “Групчин”, ОЈО во Тетово го гони за кривично дело тортура чл. 142 став 1 од КЗ.
- Во текот на 2005 год. за првпат од страна на ППЧП се идентификувани случаи во кои се вмешани претставници на граничната полиција на граничните премини “Деве Баир”, “Табановце” и “Богородица”;
- Претставките за неправилно однесување од страна на полицијата модат да се поднесуваат до Секторот на МВР и до деташираните инспектори на Секторот во осум градови низ Македонија;
- Персоналот којшто работи на имплементација на Проектот ја воспостави практиката на поднесување барања за известување до СВКПС за случаи во кои не е постапено по определена претставка во временски период за постапување по поднесената претставка;
- Единстена казна која им е изречена на ОСЛ на МВР за кои се утврдило дека ги пречекориле своите овластувања со повреда на правата на граѓаните, е административната санкција 15% од месечната плата во траење од 1 до 6 месеци;
- Од вкупно поднесена 71 претставка од страна на ПО на НВО кои го имплементираат ППЧП, добиен е одговор на вкупно 47. Од нив е утврдено пречекорување на овластувањата од страна на полицијата во вкупно 9 случаи;
- Бројот на вработени во Секторот кои постапуваат по поднесени претставки е константен со години station наназад, иако бројот на претставките поднесени до Секторот е повеќекратно зголемен;
- Во петнаесет од претставките на кои е добиен одговор народниот правобранител не утврдил повреда на законските и уставни права на граѓаните, додека во пет случаи не се преземени никакви дејствија, согласно член 20 став 7 од Законот за народен правобранител (изминат рок од 1 год. од сторената повреда). Одговор е добиен на 33 од вкупно поднесени 51 претставка
- Со отварањето на регионалните канцеларии на народниот правобранител во шест градови во Македонија значително е олеснет пристапот на наводните дртви на полициска злоупотреба и воопшто, на сите граѓани до оваа релевантна институција, на локално ниво;
- Во рамките на ППЧП се поднесени 22 кривични пријави против ОСЛ на МВР. Во два од случаите, Основното јавното обвинителство има поднесено обвинителен акт;

- Воспоставена е работна врска со Постојаната анкетна комисија за заштита на човековите права и основни слободи;
- Во рамките на ППЧП има фонд од кој на наводните дртви на неправилно постапување од страна на полицијата, им се покриваат трошоците за лекарско уверение доколку истите се социјални случаи и
- Во постапката пред СВКПС, канцеларијата на народниот правобранител и јавното обвинителство нема разлика меѓу лекарското уверение издадено од приватна амбуланта или од медицински центар сè додека истото е пополнето на соодветен начин.

# *Предмет на загриженост*

- Системот на истрадување на далбите во врска со пречекорување на овластувањата на полицијата не е транспарентен, навремен, целосен и објективен во онаа мера неопходна за едно европско демократско општество;
- Постапката по поднесени кривични пријави до Основното јавно обвинителство е долготрајна, стресна и збунувачка за наводните дртви на неправилно однесување од страна на полицијата. Сѐ уште нема одговор на кривични пријави поднесени до ОЈО пред повеќе од две години;
- Започнатите судски постапки за надомест на штета траат долго време и само во еден случај има видлив резултат, т.е. е досуден надомест на штета;
- Значителен број граѓани, наводни дртви на неправилно однесување од страна на полицијата, се обраќаат до правните советници на ППЧП барајќи правна помош и совети, меѓутоа истите се плашат да иницираат постапка против ОСЛ на МВР ;
- Во случај на утврдување на пречекорување на овластувањата од страна на ОСЛ на полицијата, поднесителот на претставката не се известува за тоа која санкција му е изречена на ОСЛ - сторител на повредата. Уште повеќе, основа на ова нетраспарентно однесување од страна на Секторот е чл. 23 став 2 точка 4 од Правилникот за вршење на работите на Секторот[9]. Одредбата од Правилникот е во спротивност со чл. 24 од Уставот на Република Македонија[10];
- Во дел од регистрираните случаи на наводна полициска злоупотреба полицијата поднела прекршочни пријави против наводните дртви, а во некои од случаите се поднесени и кривични пријави;
- Со предлог-законот за Полиција кој во ноември 2005 е во постапка на донесување, се предвидува рок од 30 дена од денот на настанот во кој граѓанинот моде да поднесе претставка до полицијата. НВО кои го имплементираат ППЧП се на став дека рокот од 30 дена кој се предлага е рестриктивен за човековите права;
- Временскиот период во кој Секторот на МВР постапува по поднесените претставки за пречекорување на овластувањата на полицијата или лошо постапување е предолг и не кореспондира со роковите утврдени со Правилникот за работа на Секторот и
- Претставниците на Секторот не ги известуваат писмено подносителите на претставки за текот од постапката, ниту се известуваат подносителите на претставки за причините за пробивање на рокот од 30 дена иако на тоа се обврзани со член 17 став 4 и член 24 од Правилникот за вршење на работите на Секторот.

[9] Подносителот на претставката ќе биде известен дали е преземена дисциплинска мерка против сторителот, без наведување на видот на мерката.

[10] Член 12 од Уставот на РМ стипулира: Секој граѓанин има право да поднесува претставки до дрдавните органи и другите јавни слудби и на нив да добие одговор

# *Препораки на Завршниот извештај*

**Препораки до Владата на Република Македонија:**

- Владата на Република Македонија да ја разгледа модноста да воспостави независен, надворешен орган за испитување на претставките во врска со пречекорување на овластувањата од страна на полицијата, во согласност со стандардите на Европската конвенција за човекови права.

**Препораки до Министерството за внатрешни работи:**

- Секторот на МВР треба да избегнува какво било непотребно пролонгирање на разрешувањето на случаите поврзани со полициска злоупотреба;
- МВР да преземе мерки со цел обезбедување на навремена, целосна, објективна и траспарентна истрага од страна на Секторот, а по поднесени претставки во врска со пречекорување на овластувањата на полицијата или лошо постапување;
- Жртвите да бидат навремено информирани за текот и траењето на постапката по поднесена претставка;
- Обезбедување на присуство на овластените слудбени лица во истрага и судските постапки кога се обвинети, како и кога се јавуваат во улога на сведок;
- Кадровско доекипирање на Секторот за истиот да моде да постапува по поднесените претставки согласно роковите предвидени со Правилникот за работа на Секторот;
- Да се покрене иницијатива до министерот за внатрешни работи за измена на член 23 став 2 точка 4 од Правилникот за вршење на работите на Секторот и додавање на одредба во споменатиот член со која Секторот би се обврзал дртвите на неправилно однесување од страна на полицијата да бидат известувани кои мерки се преземени против ОСЛ на полицијата во евидентираните случаи на полициска злоупотреба;
- Да се покрене иницијатива до министерот за внатрешни работи и Македонскиот полициски синдикат за бришење на членот 138 од колективниот договор на МВР, со кој му се дава право на министерот да го замени отказот на вработениот со парична казна;

**Препораки до Канцеларијата на народниот правобранител:**

- Да се покрене иницијатива при најавените измени и дополнувања на Законот за народен правобранител да се вметне одредба во законскиот текст, со која би се пропишал рок во кој народниот правобранител би бил обврзан да ја заврши постапката по поднесена претставка, како и механизам за периодично известување на граѓаните за состојбата по поднесената претставка на која не е добиен одговор во пропишанот законски рок;

- Екстензивно користење на одредбата од член 25 став 2 од Законот за народен правобранител. Оваа одредба го овластува народниот правобранител во случај кога е утврдена повреда на законските права и обврски, објавување на случајот во средствата за јавно информирање на трошок на органот кој ја сторил повредата (во овој случај МВР) и
- Екстензивно применување на член 30 став 1 со кој на народниот правобранител му се дава овластување да дава иницијативи за измена и дополнување на закони и други подзаконски акти до овластените предлагачи, а во однос на законските и подзаконските акти кои ја регулираат работата на полицијата.

**Препораки до судството:**

- Доследно почитување на одредбите на ЗКП во однос на навремено завршување на истрагата во рок од 90 дена, за да моде да биде покренат обвинител акт против наводните сторители.

**Препораки во однос на идната работа на ППЧП:**

- Редовно одрдување на локалните координативни состаноци еднаш месечно во 2006 год. со цел продлабочување и интензивирање на соработката на ППЧП НВО и дрдавните институции кои примаат далби за модни повреди на човекови права;
- Спроведување на интензивна медиумска кампања со цел запознавање на граѓаните со услугите кои ги нуди проектот на наводните дртви на неправилно однесување од страна на полицијата;
- По исцрпување на останатите располодливи правни механизми, одредени случаи на полициска злоупотреба да бидат адресирани до Постојаната анкетна комисија за заштита на човековите права и основни слободи, по предходно одобрение од страна на Извршниот борд на ППЧП.

Organization for Security and Co-operation in Europe
Spillover Monitor
Mission to Skopje